Službeni vesnik ... Makedonije
91001 Skopje
Fah 51

# СЛ...

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРА... ЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Петок, 23 август 1974

БЕЛГРАД

БРОЈ 42 ГОД. XXX

Цена на овој број е 12 динари. — Претплатата за 1974 година изнесува 350 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр 1. Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651-671; Телекс 11750.

**810.**

Врз основа на точка 1 од Одлуката за определување на стоките за кои стоковните контингенти и девизните контингенти ги утврдува Сојузниот секретаријат за надворешна трговија („Службен лист на СФРЈ", бр. 14/72, 41/73 и 25/74), на предлог од Сојузниот секретаријат за пазар и цени, а по претходно прибавеното мислење од Стопанската комора на Југославија, сојузниот секретар за надворешна трговија издава

## НАРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНА НА НАРЕДБАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТОКОВНИТЕ КОНТИНГЕНТИ И НА ДЕВИЗНИТЕ КОНТИНГЕНТИ ЗА УВОЗ НА СТОКИ ВО 1974 ГОДИНА

1. Во Наредбата за утврдување на стоковните контингенти и на девизните контингенти за увоз на стоки во 1974 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 8/74, 11/74, 13/74, 19/74, 27/74, 29/74, 30/74, 33/74, 37/74 и 40/74), во точка 2 под 2 Стоки за широка потрошувачка, во редниот број 10 во колона 4 бројот: „100.000" се заменува со бројот: „200.000".

2. Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

П. бр. 13017
12 август 1974 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за надворешна трговија,
**Димитар Бојковски,** с. р.

---

**811.**

Врз основа на член 72 од Законот за печатот и за другите видови информации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/60 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „FRANKFURTER ALLGEMEINE ZEITUNG"

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на весникот „Frankfurter Allgemeine Zeitung", број 125 од 31 мај 1974 година, кој излегува на германски јазик во Франкфурт, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/170
5 август 1974 година
Белград

Го заменува
сојузниот секретар
за внатрешни работи
помошник,
**Јосип Буковац,** с. р.

**812.**

Врз основа на член 72 од Законот за печатот и за другите видови информации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/60 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „DIE ZEIT"

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на весникот „Die Zeit", број 23 од 31 мај 1974 година, кој излегува на германски јазик во Хамбург, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/172
5 август 1974 година
Белград

Го заменува
сојузниот секретар
за внатрешни работи
помошник,
**Јосип Буковац,** с. р.

---

**813.**

Врз основа на член 72 од Законот за печатот и за другите видови информации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 45/60 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 15/65), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „FRANKFURTER ALLGEMEINE ZEITUNG"

Се забранува внесувањето во Југославија и растурањето на весникот „Frankfurter Allgemeine Zeitung", број 132 од 10 јуни 1974 година, кој излегува на германски јазик во Франкфурт, Сојузна Република Германија.

Бр. 650-1-22/174
5 август 1974 година
Белград

Го заменува
сојузниот секретар
за внатрешни работи
помошник,
**Јосип Буковац,** с. р.

814.

Врз основа на член 14 од Законот за статистичките истражувања од интерес за целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/73), во врска со одредбата на редниот број 12 од одделот Статистика на образованието од Програмата на статистичките истражувања од интерес за целата земја за 1974 година, која е составен дел на Одлуката за донесување програма на статистичките истражувања од интерес за целата земја за 1974 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 17/74), директорот на Сојузниот завод за статистика донесува

# РЕШЕНИЕ

## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ СТАТИСТИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА МОЖНОСТИТЕ ЗА ЗАВРШУВАЊЕ НА ОСУМГОДИШНО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ НА СВРШЕНИТЕ УЧЕНИЦИ ОД IV ОДДЕЛЕНИЕ НА НЕПОТПОЛНО РАЗВИЕНИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО СР БИХ, СР ЦРНА ГОРА, СР МАКЕДОНИЈА И САП КОСОВО ВО 1974 ГОДИНА

1. Статистичкото истражување за можностите за завршување на осумгодишно основно училиште на свршените ученици од IV одделение на непотполно развиени основни училишта во СР БиХ, СР Црна Гора, СР Македонија и САП Косово во 1974 година ќе се спроведе во времето од 1 до 30 септември.

2. Со истражувањето од точка 1 на ова решение ќе се присоберат податоци: за називот и местото на училиштето, за училиштето според развиеноста; за условите за понатамошен развој; за бројот на учениците во IV одделение за бројот на учениците што имаат услови да го продолжат школувањето во централно или во друго училиште и во кои одделенија и за бројот на учениците што немаат услови да го завршат школувањето — според одделенијата и причините.

3. Истражувањето ќе се спроведе според упатствата и на обрасците што ќе ги утврди Сојузниот завод за статистика.

4. Во спроведувањето на ова истражување учествуваат Заводите за статистика на СР Босна и Херцеговина, на СР Црна Гора, на СР Македонија и на САП Косово.

5. Податоците присобрани со ова истражување ќе служат за статистички цели.

6. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 0601-3452
13 август 1974 година
Белград

Заменик-директор
на Сојузниот завод
за статистика,
д-р **Војан Копвалинка**, с. р.

815.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

# СПОГОДБА

## ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА АМБАЛАЖА ОД ДРВО ОД ШИРОКОЛИСНИЦИ И ОД ИГЛОЛИСНИЦИ, ИЗРАБОТЕНА СПОРЕД ЈУГОСЛОВЕНСКИ СТАНДАРДИ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 27 декември 1973 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за амбалажа од дрво од широколисници и од иглолисници, изработена според југословенски стандарди, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, што се наведени во Спогодбата така што највисоките продажни цени да изнесуваат, и тоа за:

| | | Дин/парче |
|---|---|---|
| 1) | средна отворена плитка летварица JUS D.F1.021, во елементи, со димензии 590×300×70 mm | 3,08 |
| 2) | голема отворена летварица JUS D.F1.022, во елементи, со димензии 550×350×80 mm | 3,98 |
| 3) | јаболкар JUS D.F1.413, во елементи, со димензии 550×350×250 mm, со под и со страни дебели 5 mm а со чела 7 mm | 8,25 |
| 4) | сандак за сливи JUS D.F 1.034, во елементи, со димензии 400×300×138 mm | 8,25 |
| 5) | пиперкар JUS D.F1.040, со димензии 570×370×300 mm, од фурнир дебел 3,2 mm и со летвички дебели 17×17 mm | 6,90 |
| 6) | армирана летварица за овошје и зеленчук, со димензии 570×370×190 mm од фурнир дебел 3,2 mm, и летвички дебели 17×17 mm | 5.60 |
| 7) | дрвени палети JUS D.F8.020, во елементи, со димензии 1200×800×144 mm | 127.50 |
| 8) | бокс палети за овошје, во елементи | 270,00 |
| 9) | сандаци за заклана живина, армирани, со капак, со димензии 570×370×140 mm, од фурнир дебел 3,2 mm, и летвички дебели 17×17 mm | 5,25 |

а за другата амбалажа од дрво од широколисници и од иглолисници, во постојните односи, според Ценовникот кој е составен дел на Спогодбата.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбава.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 126 од 15 август 1974 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува од денот утврден во Спогодбата.

Претставници на производителите: 12 производители потписници на Спогодбата.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 8 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

816.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставникот на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

# СПОГОДБА

## ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ЕУРОКРЕМ

1. Претставникот на производителите и претставниците на потрошувачите на 2 јули 1974 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за еурокрем, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, до 19,3%.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбава.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 793 од 6 август 1974 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставник на производителите: ПИК — Таково.

Претставници на купувачите-потрошувачи: „Емона" — Љубљана, „Меркатор" — Љубљана, АБЦ — Здружена трговина — Љубљана, „Колонијале" — Марибор, „Меркс" — Целје, „Нанос" — Постојна, „Звијезда" — Загреб, „Јосип Краш" — малопродаја — Загреб, „Агропромет" — Карловац, ОТП — Осиек, „Бродокомерц" — Риека, УПИ — Сараево, „Конзум" — Сараево, „Велепрехрана" — Бања Лука, ХИТ — Мостар, „Центропром" — Белград, „Београд" — Предузеќе робних куќа — Белград, „Инекс" — Белград, ПК „Београд" — Белград, „Агропромет" — Ниш, „Србија" — Крагуевац, „Славија" — Скопје, „13. Јули" Агрокомбинат — Титоград, „Славија" — Нови Сад и „Стотекс" — Нови Сад.

## 817.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставникот на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА АВТО-БРАНИЦИ И ЗА НИВНИ ДЕЛОВИ ЗА ВОЗИЛАТА „ЗАСТАВА" И ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ ВИДОВИ ПРИБОР ЗА ПНЕВМАТИКА

1. Претставникот на производителите и претставниците на потрошувачите на 10 јуни 1974 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за авто-браници и за нивни делови за возилата „Застава" и за определени видови прибор за пневматика, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, во просек до 29%, а според Ценовникот кој е составен дел на Спогодбата.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбава.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 612 од 12 август 1974 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставник на производителите: Фабрика аутотракторских делова и прибора „ФАДИП" — Бечеј.

Претставници на купувачите-потрошувачи: Заводи „Црвена Застава" ООУР Резервни делови — Крагуевац, „Југоауто" — Белград, „Агроопрема" — Белград, „Агровојводина" — Нови Сад, „Аутомакедонија" — Скопје, „Аутопромет" — Ниш, „Аутохрватска" — Загреб, „Металијакомерц" — Загреб, „Словенија-авто" — Љубљана, „Волан" — Љубљана, „Агротехника" — Љубљана, „Аутомотор" — Целје и „Југобицикл" — Белград.

## 818.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ПРОИЗВОДИТЕ ОД ИНДУСТРИСКИ ПРЕРАБОТЕНО ОВОШЈЕ И ЗЕЛЕНЧУК

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 24 јуни 1974 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за производите од индустриски преработено овошје и зеленчук, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, така што највисоките продажни цени да изнесуваат, и тоа за:

| | | Динари за единица на пакување |
|---|---|---|
| 1) | мармалад од мешано овошје, во лименки од 10 kg | 89,00 |
| 2) | џем од кајсии, во стакленки од 1 kg | 11,74 |
| 3) | компот од круши, во стакленки од 1 kg | 8,63 |
| 4) | овошен сируп од малинки, во шишиња од 1 литар | 14,41 |
| 5) | кашести сокови од разно овошје, во шишиња од 0,2 литри | 1,32 |
| 6) | пире од домати, во туби од 100 g | 2,00 |
| 7) | конзервиран грашок, во лименки од 1 kg | 6,52 |
| 8) | конзервирана боранија, во лименки од 1 kg | 6,48 |
| 9) | ѓувеч во конзерви од 1 kg (полуготово јадење без месо) | 6,15 |
| 10) | концентрирана кокошкина супа, во ќесичиња | 2,03 |

2. Производителските организации на здружениот труд можат да ги зголемат своите затечени продажни цени за другите видови, асортимани и пакувања на преработки од овошје и зеленчук, и тоа: за преработки од зеленчук во просек до 11,60%, а за преработки од овошје во просек до 19,70%, според ценовниците кои се составен дел на Спогодбата, при постојните услови на продажбата.

3. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точ. 1 и 2 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбава.

4. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 819 од 6 август 1974 година.

5. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите „Конзерва-експорт" — Скопје, „Инка — Дунѓерски" — Прокупље, „Прогрес-Експорт" — Призрен, „Будимка" — Пожега, „Таково" — Горњи Милановац, „Шапчанка" — Шабац, „Србијанка" — Валево, „Воќекомбинат" — Пожаревац, ПК „Београд" — Белград, „Гроцка" — Белград, ПИК „Нектар" — Нова Градишка, „Босанка" — Добој, „Подравка" — Копривница, Кметијска задруга — Чрномељ, „Фруктал-Алко" — Ајдовшчина, „Воќар" — Белград, „Кулпин" — Нови Сад, „Флора" — Бечеј, „Тител" — Тител, „Зора" — Мол, „Прима" — Кикинда, Кметијска задруга-Габровка-Доле, „Талис" — Марибор, „Витал" —

Цеље, „Трebjeca" — Бар, „Тржница" — Белград, „Неретва" — Опузен, ПИК „Елан" — Србобран, „Колинска" — Љубљана и „Деламарис" — Изола.

Претставници на купувачите потрошувачи: „Инекс" — Чачак, „Инекс" — Белград, „Колубара" — Ваљево, „Центропром" — Белград, „Славија" — Нови Сад, „Трготромет" — Панчево, „Бродокомерц" — Риека, „Далма" — Сплит, „Звијезда" — Загреб, „Задранка" — Задар, „Емона" — Љубљана, „Колонијал" — Марибор, „Нанос" — Постојна, ПК „Белград-Комерц" — Белград, Велетржница и хладњача — Загреб, „Прехрана" — Сомбор, ППК „Тузла" — ОУР „Велтпром" — Тузла, ХИТ „Мостар" — Мостар, „Нама" — Загреб, АБЦ — „Љубљана" — Љубљана, „Центроколонијал" — Нови Сад, „Хлеб" — Нови Сад, „Трготродукт" — Суботица, „Нама" — Шабац, ПИК — „Зворник" — Зворник, „Стотекс" — Нови Сад, „Потисје" — Нови Бечеј, ОТП — Осиек, „Прогрес" — Призрен, „Путпи" — Пула, „Тржница" — Белград, „Звезда" — Нови Сад, „Инекс" — Ариље, „Инекс" — Пожега, „Нови дани" — Ивањица, „Градина" — Титово Ужице, „Теразије" — Титово Ужице, „Бјеласица" — Биело Поле, „Напредак" — Риека и УПИ — Сараево.

---

**819.**

**Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат**

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА КАКАО-ПРОИЗВОДИ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 2 јули 1974 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за какао производи, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата најмногу, и тоа за:

| | | |
|---|---|---|
| 1) | млечна чоколада | 21,8% |
| 2) | млечна чоколада со лешници | 21,1% |
| 3) | чоколада за јадење и варење | 21,6% |
| 4) | друга таблирана чоколада со додатоци | 19,7% |
| 5) | полнета чоколада | 22,2% |
| 6) | чоколаден десерт тункан | 18,2% |
| 7) | чоколаден десерт обликуван | 20,2% |
| 8) | бонбониери | 21,9% |
| 9) | чоколадни дражеи | 22,0% |
| 10) | какао-прав | 22,8% |
| 11) | други видови какао-производи | 21,0% |
| 12) | други производи слични на чоколада | 24,1% |

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбава.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 793 од 6 август 1974 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: „Јосип Краш" — Загреб, „Звечево" — Славонска Пожега, „Жито" — Љубљана, „Инка-Дунѓерски" — Прокупле, „Кандит" — Осиек, „Пионир" — Суботица, „Соко—Нада Штарк" — Белград, „Европа" — Скопје, „Зора" — Сараево и „Банат" — Вршац.

Претставници на купувачите-потрошувачи: „Емона" — Љубљана, „Меркатор" — Љубљана, АБЦ — Љубљана, „Колонијале" — Марибор, „Меркс" — Цеље, „Нанос" — Постојна, „Путпи" — Пула, „Звијезда" — Загреб, „Јосип Краш" — Загреб, „Агропромет" — Карловац, ОТП — Осиек, „Бродокомерц" — Риека, УПИ — Сараево, „Конзум" — Сараево, „Велепрехрана" — Бања Лука, ХИТ — Мостар, „Центропром" — Белград, „Београд" — Предузеќе робних куќа — Белград, „Инекс" — Белград, Пољопривредни комбинат „Београд" — Белград, „Агропромет" — Ниш, „Србија" — Крагуевац, „Славија" Скопје, „13. Јули" — Титоград, „Славија" — Нови Сад и „Стотекс" — Нови Сад.

---

**820.**

**Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат**

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ПРАШОЧНИ ПРОИЗВОДИ И ЗА АДИТИВИ ЗА ПЕЧЕЊЕ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 24 јуни 1974 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за прашочни производи и за адитиви за печење, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, така што највисоките продажни цени да изнесуваат, и тоа за:

| | Пакување од | Динари |
|---|---|---|
| 1) пудинг: | | |
| — пудинг чоколада, какао | 1 kg | 14,50 |
| — пудинг чоколада | 1 kg | 14.00 |
| — пудинг какао | 1 kg | 14,00 |
| — пудинг ванила | 1 kg | 14.00 |
| — пудинг малинки | 1 kg | 12,00 |
| — пудинг јагода | 1 kg | 12.00 |
| — пудинг лешник | 1 kg | 12.00 |
| — пудинг портакал | 1 kg | 12,00 |
| — пудинг карамела | 1 kg | 12,00 |
| — пудинг лимон | 1 kg | 12,00 |
| — пудинг кокос | 1 kg | 12,00 |
| — пудинг чоколада | 50 g/парч. | 1,10 |
| — пудинг | 50 g/парч. | 1.10 |
| — пудинг ванила | 50 g/парч. | 1,10 |
| — пудинг чоколада | 49 g/парч. | 1,10 |
| — пудинг какао | 48 g/парч. | 1,10 |
| — пудинг ванила | 40 g/парч. | 1,10 |
| — пудинг малинки | 40 g/парч. | 1,00 |
| — пудинг јагода | 40 g/парч. | 1.00 |
| — пудинг лешник | 40 g/парч. | 1,00 |
| — пудинг портокал | 40 g/парч. | 1.00 |
| — пудинг лимон | 40 g/парч. | 1,00 |
| — пудинг карамела | 40 g/парч. | 1,00 |
| — пудинг кокос | 40 g/парч. | 1,00 |
| — пудинг чоколада | 40 g/парч. | 1,00 |
| — пудинг какао | 40 g/парч. | 1,00 |
| 2) прашок за печиво: | | |
| — прашок за печиво | 13 g/парч. | 0,35 |
| — прашок за печиво | 1 kg | 18.00 |
| — прашок за печиво | 12 g/парч. | 0.35 |
| — прашок за печиво | 12 g/парч. | 0,35 |

| | Пакување од | Динари |
|---|---|---|
| 3) жолтило-црвенило | 10 g/парч. | 0,35 |
| 4) галета | | |
| — галета — какао | 100 g/парч. | 2,30 |
| — галета пунч-ванила, карамела, кајсија | 85 g/парч. | 2,30 |
| — ананас | 80 g/парч. | 2,30 |
| 5) флан-чоколада и карамела | 80 g/парч. | 2,30 |
| — ванила и мока | 60 g/парч. | 2,30 |
| 6) фрутина, лимон, портокал, малинки, јагода | 40 g/парч. | 1,30 |
| 7) прелив за пудинг: | | |
| — чоколада | 14 g/парч. | 0,55 |
| — ванила | 16 g/парч. | 0,55 |

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбава.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 819 од 6 август 1974 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: „Подравка" — Копривница, „Колинска" — Љубљана, „Фран" — Загреб, „Арома" — Белград и „Моравка" Лесковац.

Претставници на купувачите-потрошувачи: „Србија" — Крагуевац, ХИТ — Мостар, ОТП — Осиек, „Бродокомерц" — Риека, „Опскрба" — Сплит, „Храна" — Сплит, ППК „Загреб" — Загреб, НАМА — Загреб, Тржница — Белград, „Звијезда" — Загреб, „Меркатор" — Љубљана, „Мерк" — Цеље, „Центроколонијал" — Нови Сад, „Славија" — Нови Сад, „Звезда" — Нови Сад, „Тргопромет" — Суботица, „Стотекс" — Нови Сад, „Центропром" — Белград, „Центропром" — Земун, „Далма" — Сплит, „Путпи" — Пула, „Потисје" — Нови Бечеј, „Универзал" — Нови Бечеј, „Униконзум" — Загреб, „Прехрана" — Сомбор, НАМА — Шабац, АБЦ — Љубљана, „Задранка" — Задар, „Тргопродукт" — Панчево, „Партизан" — Чачак и ПИК „Зворник" — Зворник.

**821.**

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА

### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ГРАДЕЖНИ МАШИНИ ЗА ЗЕМЈЕНИ РАБОТИ, ЗА ПРИКЛУЧНИ УРЕДИ И ЗА РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 17 мај 1974 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за градежни машини за земјени работи, за приклучни уреди и за резервни делови, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат да ги зголемат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, и тоа: за градежни машини за земјени работи и за приклучни уреди во просек до 14% според Ценовникот кој е составен дел на Спогодбата, а за резервни делови за тие производи до 15%.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбава.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решение бр. 614 од 12 август 1974 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: „14 Октобар" — Крушевац, „Радоје Дакиќ" — Титоград и Стројна товарна — Трбовље.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 45 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на Уставниот амандман XXXVII точка 4 под 4 и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

**Од сојузните органи**

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Башкот Бранислава Радомир, Дииздаревиќ Мухамеда Нерми, Граниќ Јураја Антун, Корљан Рада Рикард, Момчиловиќ Манета Миле;

**Од СР Босна и Херцеговина**

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата, а по повод дваесет и петгодишнината на работата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

„УНИС" Творница „ПРЕТИС", Сараево;

— по повод педесетгодишнината на работата, а за особени заслуги и постигнати успеси во развивањето на спортот и ширењето на прогресивните идеи меѓу работниците

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Работничкото спортско друштво „Слобода", Тузла;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Авдаловиќ Уроша Момчило, Целетовиќ Николе Благота;

Од СР Црна Гора

— за особени успеси во работата врз заштита, рехабилитација и образование на слепи лица, а по повод дваесет и петтодишнината од постоењето и работата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Сојузот на слепите на Црна Гора, Титоград;

— за особени заслуги во ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности и во остварувањето на тие идеи во својата редовна дејност

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Претпријатието „Чазматранс", Чазма;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Лекиќ Благоја Данило;

Од СР Хрватска

— по повод стогодишнината на работата, а за особени заслуги и постигнати успеси во организацијата на здравствената служба и за значаен придонес за оспособувањето на стручните кадри и здравственото просветување на народот

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Збор лијечника Хрватске, Загреб;

— по повод деведесетгодишнината на работата, а за особени заслуги и успеси во стручното образование и воспитување на младите за корисни членови на општеството

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Првото економско училиште „Борис Кидрич", Загреб;

— по повод стогодишнината на работата, а за особени заслуги врз заштита и спасување на човечки животи, општествениот и личен имот, со што е направен значаен придонес за социјалистичката заедница

Доброволното противпожарно друштво, Бјеловар;

— за особени заслуги и постигнати успеси во културноуметничкото и забавното дејствување во духот на идеите на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Културно-уметничкото друштво „Посавец", Иваниќ-Град;

— за особени заслуги во ширењето на братството меѓу нашите народи и народности, во создавањето и развивањето на политичкото и моралното единство на народите

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Кмецик Јосипа Мишо;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Аничиќ Ивана Војко, Зориќ Луке Душан;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Драговиќ Мате Винко, Глушица Боже Милорад, Јану Андрије Фрањо, Мариновиќ Антуна Борислав, Његуш Матеја Богдан, Талајиќ Јерке Јуре, Житњак Игњаца Фрањо;

Од СР Македонија

— за заслуги во организирањето на културно-просветни и уметнички дејности и за успеси во општото и стручното образование на работните луѓе

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Работничкиот универзитет, Гостивар;

Работничкиот универзитет „Јоска Свештарот", Струмица;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Тошев Наум Крум;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Јовановски Мито Пепе, Трајчески Јанев Трајче;

Од СР Словенија

— за особени заслуги во развивањето на историографијата на Народноослободителната борба и негувањето на револуционерните традиции, а по повод дваесет и петтодишнината од излегувањето

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

„Борац" — Ревија за историјата на НОБ и негувањето на револуционерните традиции, Љубљана;

— за успеси во ширењето на сообраќајната култура и за стручното оспособување и образование на возачите и автомеханичарите

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

„Сообраќајни весник" — Гласник на Сојузот на здруженијата на шоферите и автомеханичарите на Словенија, Љубљана;

